РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14- 1141
21.05.2018 година
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св. Кирил и Методиј-Скопје
ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ-СКОПЈЕ
Примено: 21.05.2018
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 09 | 809/2 | - | - |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 145 став 6 и член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на едногодишнигодишни и двегодишни студии по Логистика на Економски институт при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа студиската програма од втор циклус на едногодишнигодишни и двегодишни студии по Логистика на Економски институт при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Економскиот институт при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 09-809/1 од 17.05.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1141 од 17.05.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на едногодишнигодишни и двегодишни студии по Логистика на Економски институт при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, единица во состав, по добиените Решенија за акредитација бр. 1409-161/4 од 15.05.2018 година и бр. 1409-161/5 од 15.05.2018 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1141 од 21.05.2018 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус студии наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 21.05.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1141 од 21.05.2018 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус на едногодишнигодишни и двегодишни студии по Логистика на Економски институт при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
проф. д-р Рената Дескоска

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити